Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2-384/1

Скопје 11. 03. 2020

До

**Предмет: РЕШЕНИЕ за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

РЕШЕНИЕ
**за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација**

Во врска со Вашето барање со ваш број I 0306-212/1 од 21.02.2020 за пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме за следното:

- **Прашања под реден број од 1 до 4.** Од страна на Регионалните центри за гранични работи во Република Северна Македонија, поднесени се вкупно 45 кривични пријави за сторени кривични дела „криумчарење на мигранти" за период од 01.01.2019 до 31.12.2019 година .

| поднесени кривични пријави од : | 01 јануари до 31 декември 2019 година |
|---|---|
| РЦ за ГР Исток | 14 |
| РЦ за ГР Запад | - |
| РЦ за ГР Север | 12 |
| РЦ за ГР Југ | 19 |
| Вкупно: | 45 |

- **Прашања под реден број 5**. При откриените случаи, во период од 01.01.2019 до 31.12.2019 година спречен е обид да бидат прокриумчарени 1.529 мигранти. Гледано по земја на потекло, најбројни се мигрантите од Пакистан-665,


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

Авганистан-432, Бангладеш-218, Сирија-72, Индија-41, Ирак-29, Еритреја-26, Египет-19 итн.

- **Прашање под реден број 6.** При обид за илегален влез во државата во период од 01.01.2019 до 31.12.2019 година спречени се вкупно 19.549 странски државјани, најчесто на граница со Р Грција-19.090.

- **Прашања под реден број 7 и 8.** Во период од 01.01.2019 до 31.12.2019 година, не се откриени кривични дела „трговија со луѓе", додека во три случаи, откриени се **пет кривични дела „трговија со дете",** за што мерки на кривичен прогон се преземени против **шест лица, сите македонски државјани.**

- **Прашања под реден број 9 и 10.** Во период од 01.01.2019 до 31.12.2019 година, не се идентификувани жртви на трговија со луѓе, додека како жртви кои се идентификувани при вршење на кривичните дела за што се поднесени и кривични пријави се **три женски деца** кои биле принудувани да вршат сексуална експлоатација.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] од Скопје поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи.

По добивањето на барањето од страна на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, истото беше доставено до Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа и Одделот за гранични работи и миграции при Бирото за јавна безбедност од каде добивме одговор кој што му го доставуваме на барателот.

**Изработил: Јован Пешевски**
**Контролирал: Сузана Прањиќ Талевска**
**Одобрил: Наталија Спирова**

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
**Тони Ангеловски**


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015